РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Уп1 Бр. 03-646

19.3 2015 година

С к о п ј е

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-2103/1 од 18.03.2015 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради непочитување на правилата за пласирањето на производи, од страна на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје, Директорот на Агенцијата на ден 19.03.2015 година го донесе следното:

## Решение
## за преземање мерка - опомена

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 55 ставови 5 и 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 101/14 и 132/14), а казнива по член 148 став 1 точка 9 и став 2 од истиот Закон, на начин што на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје, емитуван на 11 февруари 2015 година, во програмата „Ин клуб" не е означено пласирањето производи и им се придава претерана важност на производите и услугите за кои станува збор.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-2103/1 од 18.03.2015 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно.

Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој Закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи - Одделението за програмски и административен надзор, на 18 март 2015 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје, емитуван на 11 февруари 2015 година, при што констатираше прекршување на член 55 ставови 5 и 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Во програмите кои содржат пласирање производи треба да биде јасно означено дека се работи за програма во која има пласирање производи. Овие програми мора да бидат соодветно означени на почетокот и на крајот на програмата и при продолжување на програмата по секоја пауза за рекламирање, со цел да се избегне забуна кај гледачите. Во програмите кои содржат пласирање производи не смее да му се придава претерана важност истакнување или упатување на производот за кој станува збор).

Во изданието на емисијата „Ин клуб", емитувано на 11 февруари 2015 година, не е означено пласирањето производи и им се придава претерана важност на производите и услугите за кои станува збор. Емисијата е составена од повеќе прилози од различни области за кои заедничко е дека од првиот до последниот се директно смислени и реализирани за производ или услуга на огласувачите, кои се присутни со неколку рекалами во прилогот со кој директно се поврзани. Пласирањето производи директно влијание на начинот како е произведено емисијата и нејзината содржина.

Повредата од точка 1 став 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-2103/1 од 18.03.2015 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-2103/1 од 18.03.2015 година, поради констатирано непочитување на одредба од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое кон Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје, се презема мерка – опомена и со кое на радиодифузерот му наложи, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги
Директор,

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

**Упатство за правно средство:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Прилог (1):

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-2103/1 од 18.03.2015 година.

Доставено до:
- Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје;
  Одговорното лице на програмата во правното лице;
- Секторот за правни и економско-финансиски работи;
- Секторот за програмски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.